Информатор бр 15, Август-Септември-Октомври 2003

**ПРВА ДЕТСКА АМБАСАДА ВО СВЕТОТ-МЕЃАШИ**

Република Македонија ул"Коста Новаковиќ"22а 1000 Скопје
Телефон: (389-2) 2-465-316 Телефон/факс: (389-2) 2-463-900
E-mail: first@childrensembassy.org.mk-
Веб страна: www.childrensembassy.org.mk-

*Мисија на организацијата*

*Првата детска амбасада во светот Меѓаши е невладина организација која се залага за почитување на детската личност преку застапување на детските интереси, заштита на нивните права и збогатување на животот со содржини кои детството го прават сигурно и творечко. Го зајакнува НВО движењето за правата на детето во Република Македонија развивајќи го волонтерскиот пристап во работата и се грижи за спроведување на Конвенцијата за правата на детето.*

## Во овој број

1. ТРЕНИНЗИ ЗА НЕНАСИЛНА РАЗРАБОТКА НА КОНФЛИКТИ
2. НАШИ ПРИКАЗНИ: СУАРЕТ АЛИШАН, САНЕЛА И ИВАНА - ДЕЦА ЧЛЕНОВИ НА АМБАСАДАТА "МЕЃАШИ"
3. АКЦИЈА ЗА ГРАЃАНСТВО ПРЕКУ ТЕАТАР
4. МАК АКЦИЈА
5. ДЕТСКИ РАБОТИЛНИЦИ
6. УЧЕСТВА

### 1. ТРЕНИНЗИ ЗА НЕНАСИЛНА РАЗРАБОТКА НА КОНФЛИКТИ

Од 17.08 до 24.08.2003 година во Хотел Радика-Маврово и од 10. - 12.10.2003 во одморалиштето на Црвениот крст - Струга, се одржаа тренинзи за ненасилна разработка на конфликти, во организација на Првата детска амбасада во светот - Меѓаши. На двата тренинга учествуваше иста група на професори и професорки од македонските и албанските паралелки во ДСМУ"Д-р Панче Караѓозов". Она што е значајно е што кај нив постоеше висок степен на кооперативност и подготвеност да се работи на теми кои се болни и тешки (насилство, национален идентитет, комуникација). Ова посебно радува бидејќи секако постои голема потреба да се работи на тие теми.

Тимот на тренери/ки го сочинуваа: Блерим Јашари (Центар за балканска соработка ЉОЈА Тетово); Ана Битољану (ПДАС-Меѓаши, МИРамиДА Центар Грожњан); Ненад Вукосављевиќ (Центар за ненасилна акција-Белград) и Гордана Пирковска-Змијанац (ПДАС-Меѓаши). Тренинзите беа реализирани со финансиска

поддршка на Институтот за трајни заедници преку Американската агенција за меѓународен развој и Швајцарската амбасада во Скопје. Направивме анкета меѓу учесниците/чките за да добиеме информации колку и какво влијание има искуството од тренинзите. За илустрација, еве еден од одговорите:

*"Сега по тренинзите се среќавам со радикални промени, бидејќи по две години поминати работејќи заедно, никогаш не сме седнале со македонските колеги да зборуваме, ни за професионалните прашања ниту за било што, но сега комуницираме. Јас пред тренинзите само се поздравував со колегите Македонци така да други контакти не сме имале. Сега ние седнуваме заедно, зборуваме како професионалци како и за други нешта и тоа е обострано. Седнуваме да пиеме кафе заедно, што порано беше нешто незамисливо. Со еден збор можам да речам дека се гледа отворено ефектот на тренинзите во нашиот колектив. Сега можеме да констатираме релаксираност во меѓу колегијалните и меѓу националните односи".*

## 2. НАШИ ПРИКАЗНИ: СУАРЕТ, САНЕЛА И ИВАНА - ДЕЦА ЧЛЕНОВИ НА ПДАС "МЕЃАШИ"

*Се сеќавам многу добро кога за првпат дојдов во Првата детска амбасада во светот - Меѓаши. Беше пред две години и три месеци, а мене ми се чини исто како да беше вчера. Во почетокот чувствував тежина за мојот дом, често ноќе не спиев и размислував дали некогаш пак ќе се вратам дома. Овде, во Првата Детска Амбасада во Светот - Меѓаши времето поминува а тежината полека исчезнува. Во амбасадата има многу работилници: драмска, литературна, ликовна, англиски, француски, математика компјутери. Се дружам и комуницирам речиси со сите, а најмногу со компјутерот, и затоа најголем дел од денот го поминувам покрај него. Сакам многу и спорт, пред сé кошарка. Благодарение на Детската амбасада навистина се надополнувам со знаење од многу области. Иако амбасадата ми е втор дом, сепак сакам да си имам свој дом. Којзнае, можеби еден ден оваа желба ќе ми се исполни.*

**(Санела 12 години)**

*Ми беше многу тешко да заборавам на минатото, на моментите кога заедно со моето семејство го напуштавме домот во Арачиново, бегајќи од виорот на војната. Така беше на почетокот, но сега е многу поинаку. Можеби немам доволно простор за живеење, но и тоа е доволно отколку да живеам во страв. Освен тоа во Првата Детска Амбасада во Светот - Меѓаши се најдов себеси, она што цело време сум го носела со себе, а не сум го открила. За сево ова сум и должна на детската амбасада и луѓето што ги сретнав овде и што ми помогнаа за многу работи. Тука си*

*поминувам многу забавно, имам и тажни и среќни моменти, но сигурна сум дека ниеден од нив нема да заборавам.*

**(Ивана 12 години)**

Санела и Ивана се сместени во ПДАС-Меѓаши - прифатилиштето за деца во кризна состојба од 15.06.2001 година.

Како што Ве информиравме во претходниот билтен **Суарет Алишан** е дете без родители, со оштетен вид, матурант, кој не може да го продолжи своето школување во ДСУ"Димитар Влахов" - Скопје отсек графички материјали. Тој и ПДАС-Меѓаши правеа напори за негово запишување како редовен ученик во четврта година во ДСУ "Димитар Влахов" - Скопје. Меѓутоа и покрај тоа што до Министерството за образование беше доставено барање Суарет своето понатамошно образование да го продолжи како редовен ученик, нé информираа дека е возможно да продолжи само како вонреден. Проблемот беше актуелизиран преку А1 телевизија каде новинарката Билјана Ставрова во неколку наврати ја информираше македонската јавност за проблемот со кој се соочи Суарет. Децата без родители доколку по 18. година не го продолжат своето образование немаат право на престој во интернат, поточно државата ги остава сами на себе. Суарет веќе не може да биде сместен во интернат бидејќи го примија како вонреден ученик, за разлика од неговите соученици кои без никаков проблем, оваа година, беа примени во ДСУ <Владо Тасевски" како редовни. Исто така, минатата година една ученичка од ДУ за рехабилитација на деца и младинци со оштетен вид <Димитар Влахов" го оствари своето право на школување во ДСУ"Димитар Влахов" како редовна ученичка, но тогаш не беше директор г-дин Коста Гочев. Исто така, од таа ученичка се бараше да полага 5 диференцијални испити, а од Суарет сега се бара да полага 13. Значи, ако директорот/ката има добра волја, тогаш не важи Законот. За жал сегашниот директор на ДСУ"Димитар Влахов" Коста Гочев немаше добра волја да го прими Суарет како редовен ученик. Тој, Коста Гочев се повика на Законот и не му дозволи на Суарет да биде редовен ученик. Со тоа, Суарет го изгуби правото да биде сместен во интернатот каде ги има сите дидактички помагала за деца со оштетен вид. Како тој сега како вонреден ученик ќе ги спрема испитите? Како ќе чита? Како ќе учи? Се обративме за поддршка и до другите организации и институции како на пример до Хелсиншкиот комитет, Народниот правобранител, Меѓуопштинскиот центар за социјални работи и Бирото за развој на образованието. Но во случајот сé уште ништо не се измени.

## 3. <МУЛТИ КУЛТИ" - ТЕАТАРСКА ПРЕТСТАВА ЗА МАЛИ И ГОЛЕМИ ДЕЦА

Како дел од проектот "Акција за граѓанство преку театар" беше организиран летен камп кој траеше од 14.08-19.08 во одморалиштето Пониква. На летниот камп учествуваа сите 60 деца вклучени во проектот. За нив беа организирани работилници на различни теми, како на пример за правата на детето, комуникацијата на детето со родителите, конфликти и сл. На летниот камп учествуваа и родителите на децата, за кои исто така беа организирани едукативни работилници

Радува фактот дека за многу краток временски период со взаемно разбирање и соработка успеавме да ги реализираме нашите замисли. Покрај едукативните работилници за децата беа организирани и ноќни забави. Беше организирано: избор на најдобар интерпретатор на традиционални песни, најдобра маска, маскембал и др. Покрај овие забави беше организиран и турнир во мал фудбал, како и презентација на претставата "Мулти Култи" која се оддржа во следниве градови: Штип, Дебар, Кавадарци, Куманово, Демир Капија, Струга, Кичево и Гевгелија и чија цел се движи во насока на давање придонес кон зајакнувањето на мултиетничкото граѓанско општество, градење на доверба и целосна соработка помеѓу учесниците која беше создадена со тековната работа на театарската работилница. Проектот е реализиран од Првата детска амбасада во светот-Меѓаши и Центро регионале пер ла Цооперационе (ЦРИЦ) со финансиска подршка на ЕУ, управувана од Европската Агенција за Реконструкција.

## 4. МАК АКЦИЈА

Активистите и активистките во проектот Македонски волонтери за акција (МАК Ацтион) беа многу ангажирани во август, септември и октомври. Тие планираа и организираа вкупно 26 активности во нивните локални општини. Во активностите голем број од волонтерите/ките и учесниците/чките беа ангажирани во три летни кампови каде бојадисуваа огради, правеа сирење, обележуваа планинарски правец, учеа за екологијата, имаа спортски активности итн. Покрај летните кампови тие земаа учество во други еколошки активности, активности за подобрување на квалитетот на животот во нивните општини (преуредување на мали паркови и кошаркарски игралишта); спортски активности и 77 учесници од 11 градови (од сиромашни семејства) го следеа фудбалскиот натпревар помеѓу Македонија и Англија

Финансиер на МВА проектот е УСАИД преку Иницијативи за само-помош на заедницата а раководител и администратор е Првата детска амбасада во светот-Меѓаши. Координатор на проектот е Митко Ѓорѓиев.

## 5. ДЕТСКИ РАБОТИЛНИЦИ

Детските работилници, како едни од првите активности на Првата детска амбасада во светот МЕЃАШИ кои траат континуирано десет години, овој пат со нов циклус почнаа на 1 април 2003 , ќе траат 10 месеци и ќе завршат на 1 февруари 2004 година. Децата можат да добијат основни знаења од различни области како изучување на странски јазик (англиски, германски и француски), компјутери, литература, ликовно и оригами.

Работата во детските работилници непречено се одвиваше и во месеците август, септември и октомври. Бројот на децата заинтересирани да учествуваат во работилниците се повеќе растеше и меѓу штитениците на Меѓуопштинскиот центар за социјална работа така што нивниот број од 90 се зголеми на 100. Желбата за здобивање на нови знаења и проширување на веќе постоечките децата секој ден ги покажуваат со редовното присуство на: четири работилници по англиски јазик кои се одржуваат од волонтерите/ките Христина, Билјана, Данче, и Габи, една работилница по француски јазик - Маја, германски јазик - Дејан, ликовна - Ана, литературна - Нермина, оригами - Цеце и две за компјутери - Елена и Жарко. Освен проширувањето на знаењата, децата се здобија и со нови пријателства кои доаѓаат до израз за време и надвор од работилниците. Проектот е финансиран од Светската банка, а координаторка е Луиза Исаиловска.

## 6. УЧЕСТВА

Луиза Исаиловска - координаторка на Детските работилници, учествуваше на ***Балканскиот младински форум*** со наслов "Градење на посветла иднина" организиран од Балканската фондација за деца и младинци од 16 до 21 септември 2003 година во Игало, Црна Гора.

Од 18 до 21 Септември во Букурешт-Романија, се одржа ***Регионален состанок на Глобалниот марш против злоупотреба на детскиот труд за Централна и Источна Европа*** на кој учествуваше Љупка Наумовска волонтерка на ПДАС МЕЃАШИ.

Од 16 до 19 октомври 2003. во Скопје се одржа ***Регионалниот фестивал за доживотно учење.*** На Фестивалот, Прва детска амбасада во светот-Меѓаши се претстави со изработките на децата членови (цртежи, фигури од хартија и глина) кои ги посетуваат работилниците како и со нагледните средства (учебници, аудио касети, дрвени, водени и темперни бои и др) кои се користат во текот на работата со децата.

***Одилле Хумблот, волонтерка***та во фондацијата "Еднакви во развојот" од Брисел, беше гостинка на ПДАС Мeѓаши од 22 до 26 октомври. Таа беше запознаена со тимот кој секојдневно работи во ПДАСМ, со прифатилиштето за деца во кризни состојби, како и со тековните активности. Особено внимание им посвети на детските работилници, при што присуствуваше на: ликовната, оригами, и француската. Нашата гостинка присуствуваше на дводневниот ученички фудбалски турнир (машки и женски екипи) кој беше организиран во рамките на ФАРЕ Акционата недела против расизмот и дискриминацијата (16-28 октомври), организиран од професорите/ките од ДСМУ "Д-р Панче Караѓозов" кои се вклучени во проектот <Иницијатива за подобро меѓусебно разбирање".

Деновиве преку електронска пошта Одилле ни испрати порака дека моментите што ги поминала со нас ќе и останат секогаш во сеќавање.

Од 24 до 26 октомври 2003 година во Хотел "Сириус" во Струмица Драги Змијанац нашиот директор учествуваше на ***практичниот семинар на тема: "Застапување и лобирање за НВО".*** На семинарот тој имаше сесија за презентација на "Кампањата 1%" односно ги презентираше барањата за дополнување и изменување на Законот за данок на добивка и Законот за персонален данок на доход. Семинарот беше организиран од страна на Институтот за трајни заедници (ИТЗ).

Во периодот од 7 до 11 октомври 2003 година Македонскиот центар за меѓународна соработка во соработка со Унгарската Меѓуцрковна помош организираа ***посета на државни и граѓански организации во Будимпешта,*** Унгарија, на која учествуваа претставници/чки од Министерството за труд и социјална политика, Заводот за социјални дејности, Центарот за социјална работа од Охрид, Центарот за социјална работа од Струмица, Центарот за деца и млади - Скопје и од ПДАС Меѓаши.

***До следниот број***
***Срдечни поздрави од тимот на ПДАС МЕЃАШИ***